# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СОЈУЗОТ НА ХЕМИЧАРИТЕ И ТЕХНОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

## ЗА ПЕРИОД ОД 1.1.2020 ДО 31.12.2020

Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ) е едно од најстарите здруженија на граѓани во нашата земја, формирано непосредно по формирањето на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Претставува непрофитна организација која се финансира делумно од членарината на своите членови, а најмногу од донации и котизации за организирање семинари, натпревари, симпозиуми и други научни настани. Во последно време значаен е и придонесот од Министерството за образование и наука кое го финансира објавувањето на списанието што го издава Сојузот, *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* (MJCCE).

Основна цел на Сојузот е да придонесе за поголем интерес и развој на научните технолошки и хемиски гранки во нашата земја, но и за промоција на овие дисциплини во регионот. За таа цел Сојузот организира различни научни конгреси и семинари со меѓународно учество. Секоја втора година, во текот на повеќе од 50 години, се организира Конгрес на СХТМ, препознатлив по регионалниот карактер, со учество на над 200 научни работници од нашата земја, соседните земји, но и пошироко. Притоа голем број поканети предавачи се од врвните научни светски центри. Секоја втора година, исто така, се организира Студентски конгрес на СХТМ кој, иако е од многу помал обем, привлекува врвни предавачи од светот и учесници од соседните земји. На тој начин на нашите студенти им е овозможено учество на вистински меѓународен научен настан без финансиско оптоварување.

Списанието што го издава СХТМ уште од 1974 не само што е едно од најстарите во нашата земја, туку е едно од најреномираните. Излегува два пати годишно, а од 2009 година влезе во базата *Journal Citation Reports* што е интегриран дел од *Web of Science* и го има престижниот фактор на влијание од Clarivate Analytics (поранешен Thomson Reuters). Ги содржи сите елементи на современо научно списание, електронска платформа за поднесување на трудовите, електронски воден уредувачки процес, доделување дигитални идентификатори итн. Во MJCCE објавуваат трудови научни работници од целиот свет, што претставува вистинска промоција на нашата земја.

Во 2014 година СХТМ беше акредитиран од Министерството за образование и наука за натпревари по хемија. Одтогаш се организираат натпревари по хемија на општинско, регионално и државно ниво. На овие натпревари секоја година земаат учество над 1500 ученици од сите делови на Македонија. Од најдобро пласираните ученици се образува тим што ја претставува Македонија на најпрестижните натпреварувања од областа на хемијата: Меѓународната олимпијада по хемија, а во последните две години и Меѓународната олимпијада Менделеев. Исто така, во соработка со здруженијата по физика и биологија, Сојузот учествува и во подготовката и формирањето на тимовите за учество на Меѓународната олимпијада по природни науки. Со задоволство може да се нагласи дека нашите учесници имаат освоени повеќе медали и достојно ја претставуваат нашата земја.

СХТМ активно работи на промоција на хемијата и природните науки кај младата популација и е коорганизатор на манифестацијата „Ноември – месец на науката“ која се одржува секоја година на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Органот на управување на здружението Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија го подготви и објави овој годишен извештај во согласност со барањата од Законот за трговски друштва, а врз основа на сметководствени податоци и финансиските извештаи од Годишната сметка за 2020 год.

Овој извештај, заедно со финансиските извештаи на Сојузот од Годишната сметка, објективно и вистинито ги презентира резултатите од работењето и финансиската позиција на здружението за годината што заврши на 31 декември 2020 година.

*Основни податоци за здружението*: Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје

*Седиште на здружението*: ул. Архимедова бр. 5, Скопје

*Датум на основање во Централниот регистар*: 16. 3. 1999

*Основна дејност*: 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место

*Организационен облик*: 10.9 – други општествени организации, фондации и здруженија на граѓани

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**

**за 2020 година**

| | во илјади денари | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2019 |
| Приходи од услуги | 300,000 | 300,000 |
| Приходи од членарина, донации и др. извори | 867,842 | 1,379,099 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 47 | 134 |
| Други приходи | 0 | 0 |
| **Вкупно оперативни приходи** | 1,167,889 | 1,679,233 |
| Потрошени материјали, инвентар и резервни делови | 53,568 | 212,713 |
| Потрошена енергија и гориво | 0 | 3,037 |
| Трошоци за примени услуги | 405,404 | 622,928 |
| Превозни и транспортни услуги | 7,847 | 23,603 |
| Трошоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 52,271 | 280,268 |
| Амортизација | 223,743 | 167,146 |
| Други материјални расходи | 12,270 | 145,753 |
| Други оперативни трошоци | 165,591 | 148,479 |
| **Вкупно оперативни расходи** | 920,694 | 1,603,927 |
| **Разлика од оперативно работење** | 247,195 | 75,306 |
| Пренесен приход од вишокот од минатите години | 1,738,016 | 1,662,710 |
| Финансиски расходи | | |
| **Добивка – Вишок на приходи за пренос во наредна година** | 1,985,211 | 1,738,016 |
| Данок на добивка | 0 | 0 |
| **Нето добивка/Загуба** | **1,985,211** | **1,738,016** |
| Друга сеопфатна добивка | 0 | 0 |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ИЗВЕШТАЈНАТА ГОДИНА** | **1,985,211** | **1,738,016** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

**за 2020 година**

| | | | во денари |
|---|---|---|---|
| | Белешка | 2020 | 2019 |
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 17 | 1,605,176 | 1,483,081 |
| Материјални средства – Опрема | 18 | 501,245 | 393,832 |
| Останати краткорочни побарувања | 19 | 0 | 0 |
| Платени трошоци за идните периоди | 20 | 0 | 0 |
| Залихи | 21 | 0 | 0 |
| Аванси за нематеријални и материјални средства | | | |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,106,421** | **1,876,913** |
| Нетековни средства | | | |
| Долгорочни побарувања | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 22 | | |
| Долгорочни финансиски средства | | | |
| **Вкупно нетековни средства** | | **0** | **0** |
| **Платени трошоци за идни периоди ( АВР )** | **20** | | |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА – АКТИВА** | | **2,106,421** | **1,876,913** |
| **ОБВРСКИ И ПАСИВНИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 23 | 0 | 0 |
| Останати краткорочни обврски | 24 | 7,468 | 25,155 |
| Останати обврски спрема вработени | 25 | | |
| Одложени плаќања на трошоци за идни периоди | 26 | | |
| Деловен фонд | | 113,742 | 113,742 |
| Дел од вишокот на приходи за пренос во наредната година | | 1,985,211 | 1,738,016 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ - ПАСИВА** | | **2,106,42** | **1,876,91** |